РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 05-1906/2
28.09 2020 ГОД.
КОЧАНИ

Друштво за производство, трговија и услуги
ТОНКО-СР увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 98/20
25.09. 2020 год.
Кочани

# *ДОГОВОР*

*Склучен помеѓу:*

1. ***Општина Кочани,*** со седиште во Кочани, ул."Раде Кратовче" бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган ( во понатамошниот текст : ***Нарачувач***) **и**

2. ***Друштво за производство, трговија и услуги ТОНКО-СР увоз-извоз ДООЕЛ Кочани,*** со седиште на ул. "Унгарска" бр.27 Кочани, ДБ:4013999109976 /ЕМБС: 5317398, жиро с-ка бр.210053173980188 депонент на НЛБ банка АД Скопје застапувано од Управителот Стојмир Ѓорѓијевски (во натамошниот текст : **Изведувач).**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавната набавка, со кој Изведувачот се обврзува да изведе определени работи во договорен рок, а Нарачувачот се обврзува да му исплати определена цена за тоа, е изведување на работи за:

***Реконструкција на повеќенаменски игралишта***

Предметот на набавка од ст. 1 на овој член е детално опишан во Предмерот, составен дел на тендерската документација изработена од Нарачувачот, а по Одлука за јавна набавка од 31.08.2020 год., за спроведување на Набавка од мала вредност, со објавување на Оглас бр.12451/2020 на ЕСЈН на 01.09.2020 год., постапка која се спроведува во електронска форма и завршува со е-Аукција на ЕСЈН, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

**Член 2**

Работите од чл. 1 на овој Договор треба да се изведат според описите и количините од предмер пресметката, составен дел на овој Договор, согласно Програмата за уредување на градежно земјиште за 2020 година, донесена од Советот на општина Кочани и Предмер пресметката, како и важечките прописи, правила и стандарди за ваков вид на работа.

**Член 3**

Со овој Договор Нарачувачот и Изведувачот ги регулираат своите права и обврски.

***Вредност на договорот***

**Член 4**

Изведувачот, работите наведени во чл. 1 од овој Договор, ќе ги изведе за вкупна цена од **253.225,00 денари без пресметан данок на додадена вредност**, согласно првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН.

**Данокот на додадена вредност** на износот од ст.1 на овој член изнесува **45.581,00** денари или

***- вкупната вредност на Договорот за јавната набавка со вклучен ДДВ од 18 % изнесува: 298.806,00 денари.***

Единечните цени за изразување на поделните фази и позиции се првземени и утврдени од првичната/конечната понуда поднесена преку ЕСЈН, избрана за најповолна, како единствена и прифатлива понуда и истите се составен дел на овој Договор.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за цело времетраење на реализација на договорот.

***Извор на средствата за реализација на договорот и начин на плаќање***

**Член 5**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, согласно Одлуката за јавна набавка од 31.08.2020 год. се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2020 год., Програма ФА, ставка 482.

**Член 6**

Плаќањето на работите кои се предмет на овој договор, ќе се врши по доставување на ситуација за извршени работи ( времена или завршна), што ја доставува Изведувачот, со дефинирани и изведени позиции, одложено до 60 / шеесет / дена, сметано од денот на приемот на истата во архивата на Нарачувачот.

Времената ситуација Изведувачот ја доставува до Нарачувачот во примерен рок по истекот на периодот за кој се однесува, потпишана и заверена од страна на определен Надзорен орган од Нарачувачот.

Завршната ситуација Изведувачот ја составува и поднесува на исплата до Нарачувачот, врз основа на стварно изведени и завршени работи, потпишана и заверена од страна на определен Надзорен орган од Нарачувачот.

**Член 7**

Нарачувачот има право да задржи сразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците утврдени при примопредавањето на работите.

**Член 8**

Задржаниот дел од цената Нарачувачот може да го употреби за остранување на недостатоците на изведените работи, ако Изведувачот по писмена покана не ги отстрани тие недостатоци во примерениот рок .

**Член 9**

Задржаниот износ, односно, неговиот непотрошен дел Нарачувачот му го исплатува на Изведувачот во рок од 8/осум/ дена од денот на примопредавањето на работите, односно, веднаш по отстранувањето на недостатоците утврдени при примопредавањето.

***Разлики во цена***

**Член 10**

Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка, не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот.

***Динамика на вршење на работите***

**Член 11**

Набавката ќе се врши сукцесивно по вид и количина согласно потребите на Нарачувачот, по претходна нарачка од задолжено/овластено лице кај Договорниот орган.
Во текот на изведување на работите, ќе се утвдува квалитетот и квантитетот на истите.

**Член 12**

Ако постои оправдано сомневање дека работите ќе бидат извршени во договорениот рок, Нарачувачот има право да побара од Изведувачот да превземе потребни мерки со кои се обезбедува соодветно забрзување на работите и нивно усогласување со договорениот план за вршење на работите..

**Член 13**

Изведувачот има право да бара продолжување на рокот за извршување на работите во случај во кој поради променети околности или неисполнување на обврските од Нарачувачот бил спречен да ги извршува работите.

Продолжувањето на рокот се определува според траењето на пречката, со тоа што рокот се продолжува и за времето потребно за повторното започнување на работите и за евентуалнотономестување на работите во понеповолно годишно време.

Како причини, поради кои, во смисла на ст. 1 од овој член, може да се бара продолжување на роковите, се сметаат особено:

1) природни настани (пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време, невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите и сл.);
2) мерките предвидени со акти на надлежните органи;
3) задоцнување на воведувањето на Изведувачот во работата;
4) непредвидените работи за кои Изведувачот при склучување на договорот не знаел ниту можел да знае дека мораат да се извршат;

**Член 14**

Изведувачот е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе до Нарачувачот штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи.

***Обврски на Изведувачот***

**Член 15**

Изведувачот е должен работите од чл. 1 на овој Договор да ги изведе на начин и во роковите што се определени со овој Договор, прописите и правилата на струката, а согласно Предмер-пресметката, составен дел на овој Договор.

**Член 16**

За вршење на работите, предмет на овој Договор, Изведувачот се обврзува да обезбеди стручни и квалификувани лица, согласно Законски и подзаконските прописи.

**Член 17**

Изведувачот е должен на местата каде ќе се вршат работите да презема мерки заради обезбедување на сигурноста на работите, опремата, уредите и инсталациите, работниците и околината.

За таа цел Нарачателот преку Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште се обврзува да ги обезбеде сите потребни објаснувања, информации, и документи за несметано вршење на работата, согласно неговите потреби и барања.

Изведувачот одговара за недостатоците што би се покажале за време од 1 (една) година од предавањето и приемот на работите односно доколку во овој временски период се појави некој недостаток кој е последица на неквалитетно извршената работа, користење на неквалитетни материјали, носителот на набавката е должен да го одстрани недостатокот на свој трошок без никаков надомест од страна на договорниот орган.

За квалитетот и гаранцијата на материјалите што се вградуваат, во поглед на содржината и рокот, важи гаранцијата од производителот, со тоа што Изведувачот е должен сета документација за квалитетот и гаранциите на производителот на материјалите, заедно со упатствата за употреба, да ги прибави и да му ги предаде на Договорниот орган.

***Обврски на Нарачателот***

**Член 18**

Нарачателот е должен да ги отстрани сите постоечки проблеми во предвидениот рок со што би се овозможило несметано вршење на истите.

***Надзор над вршење на работите***

**Член 19**

Нарачателот има право да врши надзор над извршените работи на Изведувачот заради проверување и обезбедување на нивно уредно завршување , особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалите и начинот на работа и на предвидените рокови.

Надзорот над извршените работи, го врши надзорниот инжинер што ќе го определи Нарачателот.

За надзорниот инжинер што е определен да врши надзор на извршените работи и за неговите овластувања Нарачателот го известува Изведувачот.

Изведувачот е должен да му овозможи на Нарачателот вршење на надзор на извршените работи.

**Член 20**

Забелешките во поглед на начинот или на текот на на вршење на работите или на употребениот материјал Нарачателот е должен без одлагање да му ги соопшти на Изведувачот .

Сите забелешки и наоди од Нарачателот се соопштуваат во писмена форма.

**Член 21**

Изведувачот е должен да постапи по сите основни барања од Нарачателот поднесени во врска со вршењето на стручниот надзор.

**Член 22**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

***Договорна казна***

**Член 23**

Изведувачот ќе му плати на Нарачателот определен паричен износ (Договорна казна), ако:

- не ја исполни својата обврска, или
- задоцни со нејзиното исполнување

Во случај на доцнење со извршување на работите од страна на Изведувачот согласно договорената динамика, Нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна изнесува 0,5 % (проценти ) од вредноста за незавршената работа на овој Договор, ако истата не се заврши во договорениот рок, за секој започнат ден задоцнување, за првите два дена, односно 1% (процент) за секој нареден ден задоцнување, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 20 % (проценти) од вкупната вредност на овој Договор. Договорната казна се пресметува до завршување на работата.

Кога едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обрската или да го раскине договорот. а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 24**

Договорните страни се согласни ниту една страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Едната договорна страна се обврзува писмено да ја извести другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и страните ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 25**

Времетраењето на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 2 (два) месеци , сметано од денот на склучување на истиот.

*[*вообичаено времетраење на договорот е времетраењето до конечно завршување на договорените работи или исцрпување на средствата утврдени за реализација на конкретниот договор*]*.

***Услови за прекинување или раскинување на договорот***

**Член 26**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Договорот не може да се раскине поради не исполнување на незначителен дел од обврската.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

***Завршни одредби***

**Член 27**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на Договорот, ако се во согласност со тендерската документација, Законот за јавни набавки и важечките позитивни законски прописи во РСМ.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 28**

Договорните страни се согласни за се што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Северна Македонија, за вршење на ваков вид на работа.

**Член 29**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста на овој Договор,

**Член 30**

Евентуален спор по овој договор ќе решава стварно и месно надлежен суд .

**Член 31**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 2 (два ) примерока за Носителот на набавката, а 4(четири) примерока за Договорниот орган, а стапува на сила со денот на склучувањето.

| | |
|---|---|
| ***за Изведувачот,*** | ***за Нарачувачот,*** |
| ***"ТОНКО-СР" ДООЕЛ Кочани*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник ,*** |
| ***( Стојмир Ѓорѓијевски )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

Составен дел на овој Договор е :

- Првична / конечна понуда поднесена преку ЕСЈН

***Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки-Александра Миткова***
***Согласен : Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште -Влатко Димитров***

**Предмер-Пресметка**
*Реконструкција на повеќенаменски игралишта*

| РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Опис на работите | Мерна единица | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
| **ГИМНАЗИЈА** | | | | |
| **ДЕЛ КОШАРКАРСКО ИГРАЛИШТЕ** | | | | |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежички за кошаркарски обрачи | бр | 2 | 400,00 | 800,00 |
| Демонтажа, поправка и префарбување на табла за кош и повторна монтажа | бр | 2 | 3.000,00 | 6.000,00 |
| Префарбување на метална конструкција за кош | бр | 2 | 2.000,00 | 4.000,00 |
| Поправка на скршен обрач за кош | бр | 1 | 800,00 | 800,00 |
| Чистење на вегетација (трева и троскот навлезена во терен) | $м^2$ | 20,00 | 80,00 | 1.600,00 |
| **ДЕЛ ОД ИГРАЛИШТЕ ЗА РАКОМЕТ** | | | | |
| Поправка на скината мрежа од заштитна ограда на повеќенаменско игралиште (со заварување) (3x1,5) x1 | $м^2$ | 4,5 | 450,00 | 2.025,00 |
| Поправка на оштетена влезна врата за во терен (апкан (4x2) со набавка и поставување на 2 бр ментешиња | бр | 1 | 1.500,00 | 1.500,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежи на стативи за ракомет | бр | 2 | 4.000,00 | 8.000,00 |
| Отстранување на останата скината мрежа од ограда (поради безбедност) | $м^2$ | 2,00 | 100,00 | 200,00 |
| **БАВЧАЛУК** | | | | |
| Демонтажа, поправка и префарбување на табла за кош и повторна монтажа | бр | 2 | 3.000,00 | 6.000,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на обрач за кош | бр | 1 | 1.200,00 | 1.200,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежички за кошаркарски обрачи | бр | 2 | 400,00 | 800,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежи на стативи за ракомет | бр | 2 | 4.000,00 | 8.000,00 |
| Префарбување на стативи за ракомет | бр | 2 | 1.500,00 | 3.000,00 |
| **РОМСКО МААЛО (КОЛЕРКИ ГРОБИШТА)** | | | | |
| Набавка, транспорт и поставување на влезна врата во терен 0,90x 190 | бр | 1 | 6.000,00 | 6.000,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежички за кошаркарски обрачи | бр | 2 | 400,00 | 800,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежи на стативи за ракомет | бр | 2 | 4.000,00 | 8.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Заварување на држач на обрач | бр | 1 | 300,00 | 300,00 |
| **УЛ„МАКЕДОНСКА„** | | | | |
| Заварување на ограден елемент од заштитна мрежа 144x133 | бр | 2 | 2.000,00 | 4.000,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежички за кошаркарски обрачи | бр | 4 | 400,00 | 1.600,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежи на стативи за ракомет | бр | 2 | 4.000,00 | 8.000,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на обрач за кош | бр | 2 | 1.200,00 | 2.400,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на табли за кошарка | бр | 2 | 15.000,00 | 30.000,00 |
| **Н.ОРИЗАРИ** | | | | |
| Демонтажа, поправка и префарбување на табла за кош и повторна монтажа | бр | 2 | 1.500,00 | 3.000,00 |
| Заварување на заштитни елементи од ограда | бр | 2 | 400,00 | 800,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежи на стативи за ракомет | бр | 2 | 4.000,00 | 8.000,00 |
| **ИГРАЛИШТЕ КАРШИ ВЕТЕРИНАРНА СТАНИЦА** | | | | |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежички за кошаркарски обрачи | бр | 2 | 400,00 | 800,00 |
| Демонтажа, поправка и префарбување на табла за кош и повторна монтажа | бр | 1 | 2.500,00 | 2.500,00 |
| Заварување на метален држач на обрач за кош | бр | 1 | 500,00 | 500,00 |
| **СИВИ ДОМ** | | | | |
| Отстранување на постоечки, набавка, транспорт и поставување на комплет табли за кош | бр | 1 | 14.000,00 | 14.000,00 |
| Отстранување на постоечки, набавка, транспорт и поставување на нови метални обрачи за кош | бр | 2 | 1.200,00 | 2.400,00 |
| Демонтажа, поправка и префарбување на табла за кош и повторна монтажа | бр | 2 | 2.500,00 | 5.000,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежички за кошаркарски обрачи | бр | 4 | 400,00 | 1.600,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежи на стативи за ракомет | бр | 2 | 4.000,00 | 8.000,00 |
| Заварување на шипки од заштитна ограда | бр | 2 | 400,00 | 800,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на метални косници за статива | бр | 2 | 1.600,00 | 3.200,00 |
| **ТРКАЊЕ** | | | | |
| Набавка, транспорт и поставување на комплет столб, табла и обрач за кошарка | бр | 1 | 20.000,00 | 20.000,00 |
| **УЧИЛИШТЕ „НИКОЛА КАРЕВ„** | | | | |
| Набавка, транспорт и поставување на табли за кош | бр | 4 | 13.000,00 | 52.000,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на обрач за | бр | 4 | 1.400,00 | 5.600,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| кош | | | | |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежички за кошаркарски обрачи | бр | 4 | 400,00 | 1.600,00 |
| Набавка, транспорт и поставување на мрежи на стативи за ракомет | бр | 2 | 4.000,00 | 8.000,00 |
| Префарбување на метална конструкција(столб) за кош | бр | 4 | 2.000,00 | 8.000,00 |
| Префарбување на метални стативи за ракомет | бр | 2 | 1.200,00 | 2.400,00 |
| **СЕ ВКУПНО БЕЗ ДДВ** | | | | 253.225,00 |
| **18% ДДВ** | | | | 45.581,00 |
| **СЕ ВКУПНО СО ДДВ** | | | | 298.806,00 |

***за Изведувачот,***
***"ТОНКО-СР" ДООЕЛ Кочани***
***Управител,***

***( Стојмир Ѓорѓијевски )***

***за Нарачувачот,***
***Општина Кочани***
***Градоначалник ,***

***( Николчо Илијев )***

*Изработил: Виш соработник за спроведување на постапки за јавни набавки-Александра Миткова*
*Согласен : Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште -Влатко Димитров*